Република Македонија
Национална установа
Театар за деца и младинци
Бр. 02-932/3
15. 11. 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 36 став (1) точка 1, а во врска со член 25 став (1) од Законот за културата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13 и 44/14, 61/15 и 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), Управниот одбор на Република Северна Македонија Националната Установа ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ - СКОПЈЕ на седницата одржана на ден 19.03.2019 година го утврди пречистениот текст на Статутот на Република Северна Македонија Национална Установа ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ – СКОПЈЕ.

Пречистениот текст на Статутот на Националната Установа ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ – СКОПЈЕ ги опфаќа: Статутот на Националната Установа ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ – СКОПЈЕ бр.01-607/1 од 16.11.2015 година, Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Националната Установа ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ – СКОПЈЕ бр.02-101/1 од 08.02.2018 година и Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Националната Установа ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ – СКОПЈЕ бр.02-237/1 од 19.03.2019 година.

С Т А Т У Т
на Националната Установа ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ
(Пречистен текст)

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на уредување
Член 1

(1) Со овој Статут се уредуваат називот, седиштето, правната положба, застапувањето, дејноста, работата, организацијата, раководењето, управувањето, финансирањето, информирањето и обезбедувањето јавност во работата и други прашања утврдени со Законот за културата и друг закон, што се од значење за работењето на Република Северна Македонија , Национална Установа Театар за деца и младинци-Скопје (во понатамошниот текст: НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ - СКОПЈЕ)

(2) Министерот за култура дава согласност на статутот од ставот 1 на овој член.

Назив и седиште
Член 2

(1) Целосниот назив на Театарот гласи: Република Северна Македонија, Национална Установа Театар за деца и младинци-Скопје.

(2) Скратениот назив на Република Северна Македонија, Национална Установа Театар за деца и младинци-Скопје гласи: НУ „ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ“.

(3) Седиштето на Тетарот е во Скопје, ул.Димитрие Чуповски бр.4

Основач и сукцесија

Член 3

(1) Основач на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ е Владата на Република Северна Македонија, со Одлука за утврдување на мрежата на националните установи од областа на културата („Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 84/03 и 13/11).

(2) НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ е правен следбеник на правното лице Театар за деца и младинци-Скопје Ц.О,основана од Самоуправна заедница на културата на Град Скопје со Одлука бр.03-659/1 од 10.11.1989 година запишана во регистарскиот суд – Окружен стопански суд Скопје, под Срег.број 5744/90 на 20.11.1990 год. И со извршена промена на седиштето запишана во Основен Суд Скопје I Скопје под срег. Бр. 954/99 на 21.10.1999 год.

Правна положба

Член 4

(1) НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ е непрофитна национална установа од областа на културата.

(2) НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ има својство на правно лице, запишано во Централниот Регистар на Република Северна Македонија.

(3) Во правниот промет со трети лица НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ настапува во свое име и за своја сметка, а за своите обврски одговара со сите средства со кои располага и за целиот износ на обврските.

(4) НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ може да го промени видот, називот и седиштето, како и да изврши статусни измени (спојување, припојување, поделба и издвојување) само по претходна одлука на Владата на Република Северна Македонија.

Печат и штембил

Член 5

(1) Во своето работење НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-Скопје употребува печат и штембил.

(2) Печатот има форма на круг, со пречник од 40 мм по чија внатрешна страна, полукружно, во два реда со кирилско/латинско писмо е испишан текстот: "Република Северна Македонија, Националната установа ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ - СКОПЈЕ, Republika e Maqedonisë së Veriut Institucioni Nacional - TEATRI I FËMIJËVE DHE I TË RINJVE, со зборот Скопје/Shkup во долниот дел на печатот, а во средината – два прегрнати штрка, испреплетени со вратовите.

(3) Штембилот е правоаголен, со димензии: должина 60 мм и ширина 30 мм, над испишаниот текст стои грбот на Република Северна Македонија и со текст испишан на кирилско/латинско писмо под грбот се наоѓа текстот кој гласи: „Република Северна Македонија, Republika e Maqedonisë së Veriut", под него со големи кирилични букви следи текст: "НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА, INSTITUCIONI NACIONAL", под кој со големи букви следува текстот: ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ – СКОПЈЕ, TEATRI I FËMIJËVE DHE I TË RINJVE – SHKUP. Во средината има ознака: Бр./Nr. _____. На долниот раб се наоѓа линија за означување на датумот: _____., под која стои зборот: Скопје/Shkup."

(4) Печатот и штембилот од ставовите (2) и (3) на овој член ги чува и употребува овластено лице, задолжено за водење на архивата со решение од директорот на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ.

(5) Лицето од ставот (4) на овој член и директорот на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ се одговорни за правилното чување и употребата на печатот и штембилот од ставовите (2) и (3) на овој член.

(6) Начинот на употребата, чувањето и ракувањето со печатот и штембилот од ставовите (2) и (3) на овој член се утврдува со одлука на Управниот одбор на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ .

Заштитен знак

Член 6

(1) НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ може да има заштитен знак.

(2) Заштитниот знак од ставот (1) на овој член се состои од две детски маски во сина боја доближени во горниот дел.Левата маска е претставена како насмеан машки детски лик со коса на челото, црвени образи, уста, брада и сини очи.Десната страна е претставена како лице на девочје со коса на челото и панделки, црвени образи, уста, брада и сини очи.Ликовите на маските се по 13 мм во ширина и 15 мм во висина.

(3) Начинот и условите на користење на заштитниот знак од ставот (1) на овој член се утврдуваат со одлука на Управниот одбор на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ.

Застапување и претставување

Член 7

(1) Во правниот промет со трети лица, НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ го претставува и застапува директорот, без ограничувања.

(2) Друго лице може да го претставува и застапува НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ само врз основа на писмено овластување (полномошно), издадено од директорот.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член, полномошникот го застапува и претставува НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ во границите на даденото полномошно.

Овластени потписници на сметките

Член 8

(1) НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ има буџетска сметка за единка корисник на Буџетот на Република Северна Македонија.

(2)Овластен потписник на Буџетската сметка на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ е директорот, без ограничување.

(3)Управниот одбор на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ може со одлука да определи втор потписник или повеќе други потписници на жиро-сметките, односно трезорските потсметки на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ.

(4)Во случаите од ставот (3) на овој член, Управниот одбор на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ со истата одлука ги утврдува начинот на потпишувањето и евентуалните ограничувања на износите до кои тие потписници можат да потпишуваат.

II - ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИЈА

1. Дејност

Основна дејност

Член 9

(1) Дејност на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ е изведувачка уметност (шифра : 90.01).

(2)Дејноста од ставот (1) е од национален интерес.

(3) Во рамките на основната дејност НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ ги врши следните функции:

1.Создавање и подготовка, организирање и јавно презентирање и изведување на сценски и свенско-музички, драмски, куклени, оперски, балетски и други уметнички дела наменети за деца и младинци.

2.Развивање и збогатување на едукација и културниот живот на децата и младината во државата и остварување на меѓудржавни врски заради културно приближување на децата и младината од останатите земји во светот.

3.Подготвување и јавно изведување на драмски дела;.

4.Подготвување и изработка на опрема за драмски проекти;

5.Изнајмување на сценскиот простор, костимите, декорот и друга театарска опрема;

6.Превоз на опремата од претставите и

7.Врши и други работи согласно со закон и овој статут.

(4) Проширување на дејноста и други статусни промени на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ може да се направат со измена на овој статут и согласност од основачот односно Владата на Република Северна Македонија

Дополнителна дејност

Член 10

Покрај основната дејност, НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ ги врши и следните дополнителни дејности:

1. Издавање на книги (шифра 58.11)
2. Издавање на списанија и периодични публикации (шифра 58.14).
3. Други издавачки дејности (шифра 58.19)
4. Помошни дејности во изведувачката уметност (шифра 90.02)
5. Дејности на објектите за културните манифестации (шифра 90.04)
6. Уметничко творештво (шифра 90.03).

III. Организација на работењето

Организациона поставеност

Член 11

(1) Работењето на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ се организира преку организациони единици и работни места во нивниот состав кои поблиску се утврдуваат со Правилник за организација на работата и Правилник за систематизација на работните места.

(2) Со правилниците од ставот (1) таксативно се утврдува обемот, организацијата и природата на работните задачи во организационите единици, како и потребниот број извршители, за нивно извршување.

(3)Вршењето на работите на вработените како давателите на услугите во НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ се уредува во согласност и со Законот за културата и соодветниот закон за дејноста, а вршењето на правните, сметководствено-финансиските, административно-стручните и општите работи се организира во организационите единици согласно со прописите за административни службеници и вработените во јавниот сектор и прописите од областа на културата.

IV - ОРГАНИ НА РАКОВОДЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ

1. Орган на раководење

Директор

Член 12

(1)Орган на раководење на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ е директорот.

(2) Директорот на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ ги врши следниве работи:

- Ја води работата на националната установа;
- Ја застапува установата и одговара за материјално-финансиското работење и за законитоста и економичноста на нејзината работа;
- Донесува годишна програма за работа на националната установа по претходна согласност на Управниот одбор;
- Ги извршува одлуките на Управниот одбор;
- Ја организира реализацијата на Годишната програма
- Донесува акт за систематизација и организација на работните места;
- Донесува акти во врска со работниот однос на вработените согласно со закон;
- Формира уметнички совет и други советодавни тела (трајни и повремени), согласно со статутот
- Склучува договор со кој ангажира надворешно лице како уметнички советник согласно закон, во рамките на одобрените средства за работа на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ
- Поднесува годишен извештај за работа и финансиското работење на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ;
- Донесува годишен план за вработување за следната година по претходно мислење на Министерството за информатичко општество и администрација и претходна согласност од Министерството за култура;
- Формира Комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплинска неуредност или дисциплински престап;
- Донесува решенија за дисциплински мерки согласно закон;

- Донесува решенија за аудиција и реаудиција согласно закон;
- Одобрува службени патувања во земјата и странство;
- Раководи со организирањето и спроведувањето на подготовките за одбраната;
- Се грижи за правилно и навремено информирање на вработените и јавноста;
- Издава упатства и донесува наредби, решенија и други поединечни акти согласно со закон;
- Обезбедува услови за непречен пристап и вршење на управен и инспекциски надзор, ревизија и друг вид контрола на работењето на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ од страна на надлежните органи и
- Врши и други работи согласно со закон и овој статут.

(3) Правата и обврските меѓу директорот и Министерството за култура се уредуваат со менаџерски договор согласно со Законот за културата.

Член 13

(1) Директорот на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ се избира по пат на јавен оглас, што се објавува преку средствата за јавно информирање.

(2) Директорот на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ се избира за време од четири години и може повторно да биде избран.

(3) Огласот за директор го распишува Министерството за култура, согласно со општите услови утврдени со Законот за културата и посебните услови утврдени со овој Статут.

(4) Министерот за култура го избира и разрешува директорот на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ, најдоцна три месеци пред истекот на мандатот на претходниот директор.

(5) Директор избран од редот на вработените лица во НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ по истекот на мандатот или при престанок на мандатот, истиот се прераспоредува на работното место кое му мирува или на друго работно место соодветно на степенот на неговата стручна подготовка.

Член 14

(1) За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува следните општи услови утврдени со Законот за културата и посебните услови утврдени со овој статут, односно лицето треба:

1) да е државјанин на Република Македонија;
2) во моментот на избирањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција или забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен високо образование од областа на општествените или хуманистичките науки;
4) да има минимум пет години работен стаж во областа на културата или пет години работно искуство на работи или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело
5) да има еден од меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

1. ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,
2. ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
3. ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
4. ФЦЕ (FCE) (Cambridge English First) - положен,
5. БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или,
6. АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2) ;

(2) Директорот кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/18) до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.

(3) На директорот кој нема да го исполни условот за познавање странски јазик во рокот утврден во став (2) на овој член му престанува мандатот.

Член 15

Директорот на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ е должен на секои шест месеци да доставува извештај до министерот за култура на начин утврден со Законот за културата.

Член 16

Директорот доколку утврди неправилности во работата на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ должен е да превземе мерки за отстранување на тие неправилности, а по потреба може да формира стручна комисија за разгледување на одреден случај.

Член 17

Директорот на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ може да биде разрешен и пред истекот на мандатот за кој е избран во случаи утврдени со закон.

Член 18

(1) Во случај кога не е избран директор или предвреме му престанал мандатот, министерот за култура, именува вршител на должноста директор на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ, без објавување на оглас, од редот на вработените на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ.

(2) Вршителот на должноста ги има сите права и обврски на директорот на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ.

(3) Вршителот на должноста директор се именува за време до изборот на директор на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ, а најдолго за шест месеци.

2. Орган на управување

Управен одбор

Член 19

(1) Орган на управување на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ е Управниот одбор.

(2) Управниот одбор на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ го сочинуваат 5 преставници кои ги именува и разрешува министерот за култура, од кои

двајца се преставници од редот на истакнати поединци од области на културата, еден е од локалната самоуправа и двајца преставници од вработените на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ

(3) Претседателот и членовите на Управниот одбор на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ се именуваат врз принцип на стручност и компетентност за време од четири години и може повторно да бидат именувани.

(4) На претседателот и на членовите на Управниот одбор на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ им следува соодветен надоместок што го определува министерот за култура.

Член 20

(1) Со работата на Управниот одбор раководи претседателот на Управниот одбор.

(2) Управниот одбор работи и одлучува на седници со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(3) Членовите и претседателот се должни да присуствуваат на седниците на Управниот одбор.

(4) За својата работа, Управниот одбор е одговорен пред Министерот за култура.

Член 21

(1)Управниот одбор на национална установа:

1. Донесува статут;
2. Ги утврдува политиката и принципите за развој и работа на установата;
3. Дава согласност на годишната програма на установата по предлог на директорот;
4. Го усвојува годишниот извештај за работата на установата по предлог на директорот;
5. Дава согласност на актот за организација на работата и систематизација на работните места на установата;
6. Донесува документи за финансиското работење на установата, согласно со прописите за материјално и финансиско работење;
7. Одлучува во втор степен за решенија што ги донесува директорот за правата и обврските на вработените од работен однос, за аудиција/реаудиција и за дисциплински мерки и други решенија, согласно закон;
8. Дава образложен предлог на министерот за култура за разрешување на директорот;
9. Донесува деловник за својата работа;
10. Го следи остварувањето на годишната програма за работа на националната установа;
11. Донесува правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на аудицијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас, по предлог на директорот;
12. Донесува правилник за формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, начинот на спроведување на реаудицијата, како и начинот на нивно бодување, по предлог на директорот;

13. Донесува правилник за поблиските критериуми за спроведување на оценувањето на давателите на јавни услуги во културата согласно законот за културата член 77-к став (2), висината на паричната или друг вид материјална или нематеријална награда, намалувањето на плата или распоредување на работно место на пониско ниво, по предлог на директорот;
14.Донесува други акти согласно со овој статут и со закон;
15.Еднаш годишно доставува извештај за својата работа до Министерството за култура и
16.Врши други работи утврдени со закон и статут.

Член 22

Претседателот и членовите на Управниот одбор можат да бидат разрешени пред истекот на мандатот доколку работат спротивно на закон или установата не ја остварува својата функција.

Член 23

Начинот на работата, одлучувањето, правата и должностите на Управниот одбор, како и постапката и условите за предвремено разрешување на претседателот и членовите се регулираат со Деловник за работа на Управниот одбор.

3. Стручни тела

Уметнички совет

Член 24

(1) За разгледување на определени прашања од стручен карактер, директорот на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ може со решение да формира уметнички совет.

(2) Со решението од став (1) на овој член се определува составот и делокругот на работа на уметничкиот совет.

(3) Со седниците на уметничкиот совет председава директорот на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ

Член 25

(1) По потреба, директорот може да основа стручни и советодавни комисии и други работни тела.

(2) Мандатот и делокругот на членовите на комисијата трае 2(две) години.

(3) За член на Комисијата едно лице може да биде избрано повеќе пати.

(4)Комисијата за својата работа одговара пред директорот на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ и е должна да му поднесува извештај.

V –РАБОТНИ ОДНОСИ

Член 26

(1) На правата, обврските и другите прашања од областа на работните односи на вработените во НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ се применуваат

одредбите од Законот за културата и прописите за јавната администрација, за работните односи и колективните договори склучени во согласност со закон.

VI - ОПШТИ АКТИ

Други општи акти

Член 27

(1) Одредени прашања од работењето на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ поблиску се уредуваат со правилници и други општи акти, во согласност со закон и овој статут.

(2) Во смисла на став (1) на овој член, во НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ се донесуваат особено:

1. Правилник за организација на работата и Правилник за систематизација на работните места;
2. Годишен план за вработување согласно закон;
3. Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на аудицијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас;
4. Правилник за формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, начинот на спроведување на реаудицијата, како и начинот на нивно бодување;
5. Правилник за поблиските критериуми за спроведување на оценувањето на давателите на јавни услуги во културата согласно законот за културата член 77-к став (2), висината на паричната или друг вид материјална или нематеријална награда, намалувањето на плата или распоредување на работно место на пониско ниво;
6. Правилник за заштита при работа;
7. Правилник за заштита од пожар;
8. Правилник за маркетинг
9. Правилник за стручно усовршување
10. Правилник за архивско работење
11. Деловник за работа на Управниот одбор;
12. Деловник за работа на Уметничкиот совет и
13. Други акти кои произлегуваат од овој статут или закон

(3) Актите на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ мора да бидат во согласност со Уставот, важечките законски, подзаконски прописи и овој Статут.

Член 28

(1) НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ е должна на својата веб страница или во други средства за јавно информирање да ги објави проектите кои се реализираат во тековната година.

(2) НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ, во првиот квартал од тековната година за претходната година доставува извештај до Министерството за култура за реализацијата на годишната програма, кој содржи наративен приказ за реализација на програмата, спецификација за вкупно потрошените средства,

договори, сметки, фактури и конечен финансиски план со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање.

(3) НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ на својата веб страница, во првиот квартал во тековната година за претходната година, го објавува извештајот за реализацијата на годишната програма.

Член 29

Статутот на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ и другите општи акти што ги донесува Управниот одбор на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ, се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Член 30

(1) Иницијатива за донесување на нов Статут или измени и дополнување на истиот може да поднесе:

1.Најмалку една третина од вкупниот број членови на Управниот одбор на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ и

2.Директорот на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ

(2) Иницијативата од став (1) на овој член, во писмена форма се доставува до Управниот одбор на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ.

(3) Управниот одбор е должен да ја разгледа иницијативата и по истата да донесе соодветна одлука.

(4) Одлуката од ставот (3) на овој член се доставува до подносителот на иницијативата.

Член 31

Измена и дополнување на Статутот и другите општи акти се врши по иста постапка, како и за нивното донесување.

Член 32

Сите општи акти што се донесуваат во НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ се објавуваат на огласна табла, а влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето.

VII – КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ, ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ОДБРАНАТА, ВОЕНА И ВОНРЕДНА СОСТОЈБА И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Класифицирани информации

Член 33

(1) Класифицирана информација е информација која се заштитува од неовластен пристап или употреба и која се определува со степен на класификација согласно со закон.

(2) За класифицирани информации се сметаат документи и податоци кои:

- надлежен орган ги прогласил за класифицирана информација;
- како доверливи надлежен орган му ги соопштил на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ
- во врска со одбраната се означени како класифицирани информации;

(3) Класифицирана информација претставуваат и документи кои се определени со прописите, а кои Управниот одбор ги прогласил за класифицирана информација.

(4) Документите и податоците што се сметаат за класифицирана информација се должни да ги чуваат сите работници на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И ЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ , додека се во работен однос, и по престанувањето на работниот однос во рок од три години.

(5) Документите и податоците што претставуваат класифицирана информација не можат да се даваат на увид без одобрение на директорот на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ.

Член 34

(1) Класификацијата на информациите се врши според нивната содржина од овластено лице, согласно законските прописи.

(2) Информациите кои не се наменети за јавна употреба, а со чие откривање би се намалила ефикасноста на работењето на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ добиваат ознака „за ограничена употреба".

Член 35

(1) Критериумите, мерките и активностите за заштита и користење на класифицираните информации се определени согласно закон и Планот за заштита на класифицираните информации за вонредни состојби.

(2) НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ е должно да создаде услови неопходни за заштита на класифицирани информации и да преземе мерки за елиминирање на негативните последици, ако дојде до откривање на класифицираните информации.

(3) За ефикасно и координирано извршување на правата и обврските кои се однесуваат на класифицираните информации во НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ , се определуваат овластени лица кои треба да поседуваат безбедносен сертификат, кој им се издава за соодветен степен на класифицирана информација, согласно принципот „потребно е да се знае".

(4) За давање на документи и податоци кои што се прогласени за класифицирани информации на трети лица, се води посебна евиденција, во која се евидентираат: името и презимето на лицето и називот на органот на кои им се соопштени податоците, односно им се дадени документите, видот на податоците, формата во која се соопштени и за каква цел и по чие барање се дадени.

(5) Евиденцијата од став (1) на овој член се смета доверлива и се чува на посебно безбедно место, во просториите на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ .

Прашања поврзани со одбраната

Член 36

(1) Класифицирана информација претставуваат податоците во документите од значење на одбраната.

(2) На документите кои претставуваат класифицирана информација, во зависност од нивното значење, во горниот десен агол им се става зборот „ОДБРАНА", а под него им се одредува еден од следните три степени на тајност: „строго доверливо" „доверливо" или „интерно".

Член 37

НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ изготвува документи, се организира и спроведува подготовки за одбрана, заштита, спасување и управување со кризи.

Член 38

НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ, во соработка со Министерството за култура, го врши финансирањето на подготовките за одбрана, заштита, спасување и управување со кризи.

Член 39

По барање на Министертвото за одбрана на Република Северна Македонија, НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ е должна да врши услуги кои се од посебно значење на одбраната.

Воена и вонредна состојба

Член 40

(1) Во воена или вонредна состојба, НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ, презема мерки за заштита и спасување на вработените и корисниците на услуги, кои ќе се затекнат во просториите на установата и нејзините објекти, како и спроведување на посебни мерки за заштита на материјалните добра и документите, материјалите и податоците кои претставуваат класифицирана информација и друга тајна.

(2) Вработените се должни во случај на воени конфликти или во случај на вонредна состојба заради природни непогоди и други несреќи, да се грижат за имотот на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ. Задачите и обврските на вработените во вакви услови се определени согласно законот.

Член 41

Во делот на одбраната во НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ, директно се применуваат законските и подзаконските прописи за оваа област.

Заштита на лични податоци

Член 42

(1) При извршувањето на работните обврски, НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ има потреба од користење на личните податоци за вработените во НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ и посетителите на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ кои се користат согласно прописите за заштита на личните податоци.

(2) Личните податоци за вработените во НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ се собираат, обработуваат и доставуваат на трети лица согласно со закон, заради остварување на правата и обврските од работниот однос или во врска со работниот однос.

(3) Личните податоци за надворешните лица во НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ се собираат, обработуваат, употребуваат и по потреба доставуваат до надлежни органи, со цел за заштита на сопственоста на имотот,

културното наследство и другите материјални вредности кои се наоѓаат во НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ .

Член 43

Личните податоци за вработените во НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ и надворешните лица, може да ги собира, обработува, употребува и доставува на трети лица, само директорот на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ и од него овластени лица.

Член 44

Заштитата на личните податоци се врши согласно со законските и подзаконските прописи и општите акти на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ .

VIII - ЕВИДЕНЦИЈА

Член 45

(1) НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ е должна да води евиденција согласно прописите за канцелариско и архивско работење.

(2) НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ може да води и друг вид евиденција и документација, во согласност со законските прописи, овој статут и актите на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ

IX - ФИНАНСИРАЊЕ

Извори на средства

Член 46

(1) Средствата за работа на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ се обезбедуваат од:

- Буџетот на Република Северна Македонија, на начин и во постапка утврдени со Законот за културата и прописите за буџетско финасирање;
- Сопствени приходи од вршење услуги од нејзина надлежност;
- Донации на меѓународни организации или други домашни и странски правни и физички лица и
- Спонзорства, подароци, завештанија и други извори утврдени со закон.

(2) Сопствените приходи во смисла на став (1) алинеја 2 на овој член се обезбедуваат од:

- Влезници;
- Приходи од услуги;
- Договорни активности;
- Приходи од вршење на дополнителните дејности на Театарот, согласно со Закон и овој статут.

(3) Висината на цената на услугите во смисла на став (2) на овој член ги утврдува Управниот одбор на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ со одлука, со која се определува видот на услугата и надоместокот за нејзино извршување (ценовник).

X – ИНФОРМИРАЊЕ

Известување на вработените

Член 47

(1) Известувањето на вработените во НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕсе врши на начин достапен на секој работник.

(2) Известувањето во смисла на став (1) на овој член се врши преку огласна табла и непосредно од страна на раководните работници.

(3) На огласна табла се објавуваат општите акти на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ, поединечните акти на Управниот одбор на Театарот и на директорот на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ соопштенија и други пишани акти.

(4) Раководните работници се должни редовно да ги информираат вработените за работењето на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ и постигнатите резултати, за актуелните состојби и отворените прашања, претстојните активности и слично, што се од интерес на вработените.

(5) На барање, секој вработен може да оствари увид во службената документација со одобрение на директорот на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ, со исклучок на документите што претставуваат класифицирани информации, заштитени лични податоци или се означени со друг вид и степен на тајност согласно со закон.

Известување на јавноста

Член 48

(1) НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ, ја известува јавноста за своето работење преку средствата за јавно информирање и во согласност со прописите за слободен пристап до информации од јавен карактер.

(2) Известувањето во смисла на став (1) на овој член се врши преку посебни соопштенија, платени огласи, написи, разговори, учество во специјални емисии на електронските медиуми и слично.

(3) Известувањето на јавноста се врши и преку една или повеќе интернет страници на установата.

(4) Одговорно лице за давање информации на јавноста е директорот на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ или лицето што тој ќе го овласти согласност со прописите за слободен пристап до информации од јавен карактер.

XI - ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

Работно време

Член 49

(1) Работното време на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕго определува Управниот Одбор на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ со одлука, доколку со закон не е поинаку определено.

(2) Во оправдани случаи, по потреба, Управниот Одбор на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ може со одлука да определи поинакво работно време за одделни објекти, проекти, програми, акции или други активности, различно од работното време определено во смисла на став (1) на овој член.

Штрајк
Член 50

Неопходното ниво на процесот на работа во услови на штрајк се утврдува со одлука на Управниот одбор на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ, во согласност со закон и колективен договор.

Имот на установата
Член 51

(1) НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ има на користење/владение недвижен имот кој е во државна сопственост и тоа:

- Објект со површина од вкупно 775 м2 на улица Димитрие Чуповски бр4 - Скопје, лоциран на КП 12004 КО Центар 1, запишан во Имотен лист бр.53863 согласно Одлука на Владата на Република Македонија бр. 19-6335/1 од 18.12.2008 г. За давање на користење на недвижна ствар на Националната Установа Театар за деца и младинци – Скопје објавена во Службен весник на Република Северна Македонија број 164/2008.
- Објект со површина од вкупно 83 м2 на улица 11-ти Октомври бр2 - Скопје, лоциран на КП 12004 КО Центар 1, запишан во Имотен лист бр.95968 согласно Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Националната Установа Театар за деца и младинци – Скопје бр.44-958/1 од 30.01.2018 година на Влада на Република Северна Македонија објавена во Службен весник на Република Северна Македонија број 21/18 од 02.02.2018 година.

(2) За движниот и недвижниот имот на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ се води книговодствена евиденција и истиот се користи во согласност со прописите за располагање и користење со ствари во државна сопственост.

XII - ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Усогласување на работата
Член 52

НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ ќе ја усогласи својата работа со одредбите на овој Статут во рок од еден месец од неговото влегување во сила.

Донесување на општите акти
Член 53

(1)Правилникот за организација на работата и Правилникот за систематизација на работните места, усогласени со овој Статут, ќе се донесат во рок од еден месец од влегувањето во сила на овој Статут.

(2) Другите општи акти од член 27 став (2) на овој Статут ќе се донесат во рок од три месеци од влегувањето во сила на овој Статут.

Престанување на постојниот статут
Член 54

Со влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ бр. 02-208/1 од 04.05.2004 година.

Влегување во сила на овој Статут

Член 55

Овој статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла на НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ, а ќе се објави веднаш по добивањето на согласност од министерот за култура.

Број _____
Дата _____ 2019 година

УПРАВЕН ОДБОР на НУ ТДМ
Претседател,
_____
/име и презиме/